Република Македонија Корпш...
Јавна општинска установа за деца
Institucioni komunal publik për fëmijë
Детска градинка "АНГЕЛ ШАЈЧЕ"
Kopshti I femijëve "ANGEL SHAJÇE"
Бр.Nr. 02 - 825/1
06.06. 2018 год.viti.
КУМАНОВО-KUMANOVË

Врз основа на член 116 став 1 алинеја 1 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17 и 21/18), член 27 став 1 алинеја 1 и член 73 од Статутот на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „Ангел Шајче" - Куманово, Управниот одбор на својата седница одржана на ден 06.06.2018 година донесе

**СТАТУТАРНА ОДЛУКА**
**за изменување и дополнување на**
**Статутот на Јавната општинска установа за деца -Детска градинка „Ангел Шајче"-Куманово**

**Член 1**

Се врши изменување и дополнување на Статутот на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „Ангел Шајче" - Куманово со архивски бр.01-942/1 од 17.07.2014 година.

**Член 2**

Членот 23 од Статутот се менува и гласи:

„Детската градинка дејноста ја остварува во 7 (седум) објекти и 2 (два) центри за ран детски развој во Општина Куманово, и тоа:

- Објект „Кокиче" на ул.„Среќко Пужаљка" бр.2,
- Објект „Славејче" на ул.„Страшко Симонов" бр.4,
- Објект „Синоличка" на ул.„Братство Единство" бр.16 А,
- Објект „Развигорче" на ул.„Моша Пијаде" бр.117,
- Објект „Пчелка" на ул.Бранко Богдански-Гуцман" бр.10,
- Објект „Бубамара" на ул.„ЈНА" бр.34,
- Објект „Детелинка" на ул.„Кирил и Методиј" бр.1,
- Центар за ран детски развој „Бамби" на ул.„Тодор Велков" бб.,
- Центар за ран детски развој „Сонце" на ул.„400" бр.6,

и во 1 (еден) објект во Општина Старо Нагоричане, и тоа: Објект „Изворче" во с.Младо Нагоричане бб.

**Член 3**

Оваа статутарна Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување на огласните табли во објектите на Детската градинка, по добивање на согласност од Советот на Општина Куманово.

**Бр.02 – 825/1**
**06.06.2018 година**
**Куманово**

**Претседател на Управен одбор,**
**Бобан Ангеловски**